



## Изложба на студентите од одделот за Индустриски дизајн при Машинскиот факултет во Скопје

Во **понеделник, 11.06.2007** со почеток во **20 часот** во рамките на програмата *Предавања, презентации и изложби*, **press to exit** project space ве поканува на отворањето на **изложбата на студентите од одделот за Индустриски дизајн при Машинскиот факултет во Скопје**. Изложбата ќе биде отворена до петок, 15.06.2007

Потребата за нови производи е постојана. Современиот ритам на активности, борбата за престиж и потребата за нови доживувања на стварноста, резултираат во потраба за повторно обликување на производите со кои човекот е секојдневно во допир и со помош на кои го прави својот живот поудобен и похуман.

Хуманата димензија на живеењето веќе одамна не е привилегија само на домот како место каде човекот се опушта од напорниот ден, туку се повеќе на работното место, местата за рекреација и на се она на што современиот човек му придава значење. Дизајнерски обликуваните производи, покрај традиционално модните терени како козметиката, накитот и автомобилите, сé повеќе се среќаваат во канцелариите, бензинските пумпи, болниците и спортските сали.

Дизајнот одамна е класифициран како компонента на квалитетот на производите. Привлечната опаковка, ергономскиот облик, стилот, комфорот, пријатниот мирис и тактилното доживување се моќни елементи на допадливоста и магнетната привлечност на новите производи.

Студентите на насоката за индустриски дизајн при Машинскиот факултет во Скопје, преку претставување на нивните творби, сакаат да ви го претстават сопственото гледиште за сегашните и идните индустриски производи. Креацијата на нови облици, ергономичната интеракција, мултифункционалноста, економичноста и грижата за животната средина се основни преокупации на творештвото на овие млади автори. Умешноста во користењето на различни изразни средства, како цртежи, физички модели, компјутерски цртежи, тридимензионални компјутерски модели и анимации, им овозможуваат на авторите успешно да ги изразат сопствените согледувања за целината на производот и неопходните детали, и на тој начин да ги приближат сопствените фантазии до потенцијалниот корисник, како и до индустриското производство.

Ова е првата организирана изложба на студентите по индустриски дизајн и има за цел да се претставаат резултатите претежно од првите две студиски години. За младите автори, ваквата изложба е од особена важност за препознавање на нивната оспособеност за вклучување во современите индустриски текови и афирмацијата на можностите на овој нов профил во нашата средина.

Изложбата е конципирана од страна на професорките Татјана Кандикјан и Софија Сидоренко.

**press to exit** project space
**галерија**: Максим Горки 19, Скопје, Македонија (Швајцарска амбасада)МК-1000 Скопје
тел.+389 2 3228 594, факс + 389 2 3103 371,
**канцелариски простор:** Васил Ѓоргов 28/4, МК-1000 Скопје, тел. + 389 2 3228 594, presstoexit@on.net.mk ;
www.presstoexit.org.mk